Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-227/4
06-06-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставка бр. 08-227/1 од 13.04.2022 година, покрената по службена должност од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација против [redacted] од Скопје, со живеалиште [redacted] Чаир, за сторено вознемирување врз основа на етничка припадност врз припадниците на турската етничка заедница, во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и точка 15 и член 23, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), на 06.06.2022 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted], врз припадниците на турската етничка заедница.

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted], врз припадниците на турската етничка заедница.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи согласно својата законска надлежност, на седница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 11.04.2022 година, по добиена информација за дадена изјава во дебатната емисија [redacted] која содржи елементи на вознемирувачки говор, Комисијата едногласно донесе одлука за поведување на постапка по службена должност, согласно член 21, став 1 точки 15 и 22, а во врска со член 23 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

По извршена анализа на изјавата, Комисијата изврши квалификација на истата и ја поведе претставката бр. 08-227/1 од 13.04.2022 година, за сторено вознемирување врз


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна [redacted] врз припадниците на турската етничка заедница.
Имено, горенаведеното лице како гостин во емитуваната емисија на телевизијата [redacted] која исто така е достапна на социјалната мрежа Фејсбук, во неговата изјава, меѓу другото истакнал дека граѓаните од албанска етничка припадност во Република Северна Македонија се изјаснувале како Турци, од причина што на тој начин биле во поповолна положба, споредено со другите граѓани на РСМ. Понатаму, тој истакнал дека граѓаните декларирани како Турци имале албански корени.

Од добиената информација за дадената изјава и извршената анализа на истата, беше сторено веројатно дека станува збор за сторено вознемирување врз основа на етничка припадност од страна на лицето [redacted] во областа на јавно информирање и медиуми, со изнесување на вознемирувачки ставови кои го негираат вроденото и загарантирано човечко достоинство, па од таа причина Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 26.04.2022 година испрати Известување бр.08-227/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted].

Во врска со горенаведената претставка, согласно член 30, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на ден 27.04.2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати барање бр.08-227/3, за доставување на информации до [redacted] во кое ги побара следните податоци:

1. Точен назив, датум и час на емитување на емисијата во која гостувал горeименуваниот, согласно содржината од одлуката во прилог;
2. Име и презиме на сите лица кои гостувале во емисијата, вклучително и на лицето кое ја водело емисијата и
3. Опис на содржината, односно темата на предметната емисија.

На ден 09.05.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговорот кон наводите од претставката бр. 08-227/4 од страна на лицето [redacted].
Во одговорот, горeименуваниот најпрво посочил дека стапил во контакт со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, при што му била посочена причината поради која е донесена одлука за поведување на постапка по службена должност против него.
Понатаму, наведено е дека во дебатната емисија на [redacted] заедно со останатите учесници разговарале за спроведениот попис во Република Северна Македонија.

Наредниот ден, на лицето [redacted] му било пренесено дека со својата изјава предизвикал реакција од турската заедница, која се почувствувала дискриминирано, омаловажено и навредено од јавно изнесените ставови во емисијата. Во однос на тврдењето дека „нема Турци тука“ во одговорот е наведено дека ваквата изјава е намерно извадена од контекст и дека се однесува на бројот на Турци во Општина Липково и повикува да се погледна целосната дебатна емисија со цел добивање на комплетната слика околу контекстот во кој е дадена изјавата. Како последно, во одговорот е наведено дека наредниот ден после емитувањето на дебатната емисија, [redacted] објавил демант на неговата Фејсбук страница, каде што го објаснил неговиот став.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со цел добивање на дополнително уверување за веродостојноста на изјавата, изврши превод на истата.

Евидентно од поднесок бр. 08-227/5 од 11.05.2022 година, лицето [redacted] ја дава следната изјава:

„ Многу е болно, [redacted], ама многу е полесно. После конфликтот во 2001 година, да се нарекуваш Турчин поминуваш полесно него да си Албанец. Иако се одвиваше војната во 2001 година и толку крв се пролеа. Кога ќе се претставиш „Јас сум Турчин“ поминуваш добро и со Албанец и со Македонец. Тие, граѓаните, тоа го нашле како засолниште. Граѓанинот не може да бие политичка борба. Тоа треба да го направат политичките партии. Ех сега. Бегајќи од притисоците од политичките партии од власта, тој се нашол себеси како Турчин. Се согласувам со тоа што го рече господинот Тачи дека има влијанија од други држави, во овој случај Турција. Зашто? Турција стана моќна држава, со доволно финансиски средства, инвестира во потребни проекти и зашто не, така ни ги зема нас граѓаните. Никој од тука нема корени во Турција, освен со албанштина. Нема Турци. И Османлиската империја која била тука, биле турски аскери, не биле тука со нивните семејства. Меѓутоа неспособноста на политичката партија на власт ги направила тие да се чувствуваат инфериорни.“

На ден 11.05.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговорот кон барањето за доставување на информации бр. 08-227/6 од страна на [redacted].

Во одговорот е наведено дека во однос на горенаведените прашања:

1. Емисијата [redacted] е емитувана на 04.04.2022 година;
2. Емисијата ја водел водителот [redacted] а гостувале [redacted] и [redacted] и дека
3. Тема на емисијата била: „Политичката арена после регистрацијата“.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација направи анализа на изјавата на лицето [redacted], поведението на [redacted], доставениот одговор од страна на лицето [redacted] и анализа на содржината и контекстот на дебатната емисија „Политичката арена после регистрацијата".

Од анализата на изјавата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека истата претставува вознемирувачки говор, со тенденција за повреда на човечкото достоинство на припадниците на турската етничка заедница кои живеат во Република Северна Македонија.
Лицето [redacted], како претставник на политичка партија имал обврска да се воздржува од изнесување на вакви ставови со кои се негира потеклото на Турците кои живеат во Република Северна Македонија. Со вака изнесените ставови, исполнета е законската дефиниција за извршено вознемирување, согласно член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи:

*„(1) Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика"*.

Според горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, утврди сторено вознемирување врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted], врз припадниците на турската етничка заедница.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го ценеше и поведението на [redacted] и водителот на емисијата [redacted] г. [redacted] и ги зеде предвид реакциите на граѓаните на социјалните медиуми кон објавената видео содржина, како и бројот на прегледи и споделувања на истата.

Комисијата утврди дека [redacted] како организатор на дебатната емисија, со неоградувањето од ваквите изјави на лицето [redacted], кои претставуваат вознемирување за припадниците на турската етничка заедница во Република Северна Македонија директно обезбедила услови ваквиот вознемирувачки говор да допре до поголем број на граѓани кои дебатната емисија ја следеле во живо. Исто така, дополнителна отежнувачка околност е што спорната дебатна емисија во моментот на

изработка на ова мислење има 61.000 прегледи, 421 коментар и била споделена 95 пати на социјалната мрежа Фејсбук.

Поради фактот што телевизијата не се извини јавно кон припадниците на турската етничка заедница во Република Северна Македонија, како и поради неотстранувањето на дебатната емисијата од социјалната мрежа Фејсбук, исполнета е законската дефиниција за извршено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи:

*„ Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа. “*

Според горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, утврди сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted], врз припадниците на турската етничка заедница.
Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата по утврдена дискриминација, за отстранување на повредите на правото ја донесе следнава

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на лицето [redacted], да се извини за изнесувањето на ставовите со кои се врши вознемирување врз основа на етничка припадност врз припадниците на турската етничка заедница во Република Северна Македонија и *писмено да го упати извинувањето до редакцијата на* [redacted] **најдоцна во рок од 30 дена по приемот на ова мислење и препорака**.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на [redacted] во иднина доколку нивен гостин на јавен настап предизвикува вознемирувачки говор врз која било дискриминаторска основа, веднаш да се оградат од таквиот говор и да го предупредат гостинот да се воздржи од таквата пракса во останатиот тек во емитувањето на програмата. Дополнително, на [redacted] се препорачува да овозможи соодветен медиумски простор каде г-нот [redacted] ќе може да се извини за вознемирувачкиот кон припадниците на турската заедница.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21, став 1, точка 17 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација се до исполнување на препораките дадени од Комисијата.

Доколку лицето [redacted] и [redacted] не постапат согласно оваа препорака во законскиот рок од 30 дена, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Известител: член на КСЗД
д-р Лимко Бејзароски

Скопје
06.06.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- [redacted]
- Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
  Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје